Општина Виница

Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Број 18-281/2

24.06.2022 година

Виница

До

Совет на Општина Виница

**ПРЕДМЕТ: Барање, достава**

Почитувани,

На одржаната седница на ОСБСП на Општина Виница на ден 23.06.2022 година беа разгледани барања доставени до Советот а се со цел изнаоѓање конкретни практични решенија за подобрување на Безбедносната состојба на сообраќајниците во Општина Виница. По исцрпената расправа и предлагања од страна на присутните беа донесени повеќе заклучоци кои ќе се дадат како предлог на разгледување до Советот на Општина Виница и тоа:

1. Барање од месна заедница село Истибања
   - поставување на заштитни столбчиња во село Истибања. (бр. 9.35)

2. Барање од месна заедница село Градец

- Бараме поставување на елементи за смирување на сообраќајот т. н лежачки полицаец на м.в Горно маало во близина на постројката во Горно маало. Овој дел од патот е рамна состојба и возилата го поминуваат со голема брзина и представуват опасност врз населението во овој дел на Градец. (бр. 9.54)

- Поставување на знак СТОП при вклучување на главниот локален пат кај постројката во долно маало. (бр. 202)

- Поставување на знак ПАРКИНГ во центарот на Градец и обележување на неколку паркинг места пред Амбулантата во Градец (бр. 325.1)

- Поставување на знак НАСЕЛЕНО МЕСТО на влезот во Градец. (бр. 360)

3. Барање од жители во Ромско маало

- поставување на елементи за смирување на сообраќајот т.н лежачки полицаец на ул.“Иво Лола Рибар“. (бр. 9.54)

4. Барање од хотел Александар Парк

   - поставување на елементи за смирување на сообраќајот т.н лежачки полицаец на ул.“Маршал Тито“ (бр. 9.54)

5. Барање од месна заедница село Јакимово

   - поставување на сверно огледало (9.45)

6. Дополна на одлука за измена за режим на сообраќај на ул.“Маршал Тито“ (Ника кафана). (бр. 231)

7. Поставување на заштитни столбчиња на улица Илинденска на спојот со Првомајска (куќен број 94). (бр. 935)

8. Разно

- Поставување на елементи за смирување на сообраќајот т.н лежачки полицаец на улица Елпида Караманди. (бр. 9.54)
- Барање од М.З Лески за поставување на сообраќаен знак на влезот во село Лески (бр. 201, 504.6, 504.7)
- Поставување на сообраќаен знак “Деца на патот“ и пешачки премин на улица во село Лески (бр. 124)
- Барање од ромска заедница за поставување на сверно огледало кај џамијата. (бр. 9.45)

**Општински Совет за безбедност**
**на сообраќајот на патиштата**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ:**

**Д-р Гоце Георгиев**